Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 13 став 2 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21 и 160/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден __.11.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

1.Со ова решение за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес, претставници на Општина Велес се именуваат лицата:

- _____;
- _____ ;
- _____;
- _____ и
- _____.

2.Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од 4 (четири) години, со право повторно да бидат именувани.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 06.10.2026 година до Советот на Општина Велес, од страна на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес доставено е Известување со бр.09-4261/1 со кое известува дека им престанува мандатот на членовите на Управниот одбор и тоа:

1.Елеонора Игновска (претставник на Општина Велес)
2.Анита Мирчева (преставник на Општина Велес)
3.Ненад Витанов (претставник на Општина Велес)
4.Павлина Најдова – внатрешен член
5.Гордана Васковска – внатрешен член

Воедно, Директорката го известува Советот на Општина Велес дека е потребно да се именуваат претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“.

За внатрешни членови на Управниот одбор, Директорката ги предлага Павлина Најдов и Гордана Васковска.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.11.2026 година, донесе Решение за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ - Велес со бр.25-4988/22 од 15.11.2022 година со кое се именуваат:

1.Елеонора Игновска (претставник на Општина Велес)
2.Анита Мирчева (преставник на Општина Велес)
3.Ненад Витанов (претставник на Општина Велес)
4.Павлина Најдова – внатрешен член
5.Гордана Васковска – внатрешен член

Согласно член 13 став 1 и 2 од Законот за Библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21 и 160/25): „Орган на управување на локалната библиотека е управниот одбор. Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во библиотеката, стручни и компетентни лица.“

Се со цел непречено функционирање на Управниот одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев“, Велес во целосен состав, потребно е да се именуваат нови членови.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВЕЛЕС
03-282/1
05.10.2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
06 -10- 2026
09-4261/1 2

Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес
ул. „Алексо Демниевски“ бр. 11 Велес, тел:043/212 032
е-адреса:contact@bibliotekaveles.org.mk www.bibliotekaveles.org.mk

До

Претседателот на

Совет на Општина Велес

Предмет: Известување за истекување на мандат на членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ -Велес и барање за именување на преставници на Општина Велес за членови во Управниот одбор на Библиотеката.

Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, Ве известува дека на членовите на Управниот одбор на Локалната библиотека„Гоце Делчев“ - Велес им престанува мандатотот на ден 15.11.2026 врз основа на решение од Совет на Општина Велес бр.25-4988/22 од 15.11.2022 на следниве членови :

1.Елеонора Игновска – надворешен член (претставник на Општина Велес)

2.Анита Мирчевска– надворешен член (претставник на Општина Велес)

3.Ненад Витановски надворешен член (претставник на Општина Велес)

4.Павлина Најдова – внатрешен член

5.Гордана Васковска – внатрешен член

Ве молиме да именувате нови членови на Управниот одбор поради престанок на мандатот.

Воедно Ве известуваме дека за внатрешни членови на Управниот одбор, Директорот Снежана Бошевска ги предлага Павлина Најдова и Гордана Васковска.

Директор

на Локалната библиотека„ Гоце Делчев“ Велес

С. Бошевска

Снежана Бошевска

Бр.363

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови во управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови во управен одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес., што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2022 година.

Број 08- 5000/21
16.11.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 13/09, 18/10 и 15/14, 15/18, 06/19 и 8/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови во Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

1.Ангела Анастасова, Орхидеја Манаскова, Марјана Димовска, Гордана Васковска и Весна Ќамилова, претставници на Општина Велес се разрешуваат од должноста членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес, поради истек на мандат.

2.За членови претставници на Општина Велес на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес се именуваат:

- Елеонора Игновска,
- Анита Мирчева и
- Ненад Витанов претставници на Општина Велес
- Павлина Најдова и
- Гордана Васковска претставници од установата.

3.Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири) години, од денот на именувањето.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4988/22
15.11.2022 год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р